РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-268
07.02.2018 година
СКОПЈЕ

13.02.2018
09 281/

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16,.154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиските програми од втор циклус на едногодишни и двегодишни студии по Финансиски менаџмент, Меѓународна економија и Претприемништво на Економски институт при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа студиските програми од втор циклус на едногодишни и двегодишни студии по Финансиски менаџмент, Меѓународна економија и Претприемништво на Економски институт при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Економскиот институт при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 09-46/3 од 15.01.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-268 од 22.01.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус на едногодишни и двегодишни студии по Финансиски менаџмент, Меѓународна економија и Претприемништво на Економски институт при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, единица во состав, по добиените Решенија за акредитација бр. 1409-212/4 од 29.12.2017 година, бр. 1409-212/5 од 29.12.2017 година, бр. 1409-212/6 од 29.12.2017 година и бр. 1409-212/7 од 29.12.2017 година, бр. 1409-212/2 од 02.01.2018 година и бр. 1409-212/3 од 29.12.2017 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-268 од 30.01.2018 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус студии наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 31.01.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-268 од 01.02.2018 година, каде е наведено дека за студиските програми од втор циклус на едногодишни и двегодишни студии по Финансиски менаџмент, Меѓународна економија и Претприемништво на Економски институт при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
Рената Дескоска

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити